# РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ ВО ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ

## ИЗВЕШТАЈ

Анализа на развојната програма на општина Кривогаштани од родова перспектива

Funded by the European Union

# Анализа на развојната програма на општина Кривогаштани од родова перспектива

Автор: Марина Тошеска

Ментори: Елена Кочоска и Наташа Доковска

Организација подгрантист: Локална Акциона Група АГРО ЛИДЕР Кривогаштани

Дизајн: Моника Велеска

Публикацијата Родово одговорно буџетирање во општина Кривогаштани е подготвена од Локална Акциона Група АГРО ЛИДЕР Кривогаштани во рамките на програмата за подгрантирање на проектот "Низ женски леќи: покревање на политики и буџетски иницијативи, следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова еднаквост", имплементиран од Центар за истражување и креирање политики, Рурална Коалиција, Новинари за човекови права, Ромска асоцијација за жени и млади „Лулуди" и Едукативно хуманитарна организација „ЕХО"-Штип со финансиска поддршка од Европската Унија.

Оваа публикација е финансирана од Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на авторите и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија.

Активноста ја спроведува Центарот за истражување и креирање политики и партнерските организации.

# Содржина

ВОВЕД И КЛУЧНИ НАОДИ......................................................................1

Цели и Методологија на истражувањето...................................................2

ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ И РАМКА НА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ..................5
Општи карактеристики на општина Кривогаштани

Институционална структура низ родов аспект............................................8

Политики и програми во општина Кривогаштани.......................................11

Опфат, корисници, чинители.....................................................................16

Родово буџетска анализа на програмите...................................................12

ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ............................................................................23

Препораки...................................................................................................24

Литература.................................................................................................25

# ВОВЕД И КЛУЧНИ НАОДИ

Законот за еднакви можности на мажите и жените од јануари 2012 година ги пропишува обврските на субјектите од законодавната, извршната и локалната власт за воведување системско вклучување на еднаквите можности на жените и мажите во процесот на креирање, спроведување и следење на политиките и буџетите во посебните општествени области, вклучувајќи го извршувањето на функциите и надлежностите.
Целта на Законот е воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и која било друга област од општествениот живот. Заради постигнување на оваа цел определени се основни и посебни мерки за воспоставување еднакви можности, надлежности, задачи и обврски на одговорните субјекти за обезбедување на еднакви можности, како и постапката за утврдување нееднаков третман на жените и мажите.

Општина Кривогаштани цели да ги почитува и исполнува обврските и надлежностите што ги имаат општините во врска со вградување на родовиот концепт во нивното уредување и спроведување на планови, програми и буџети кои се законски уредени, но моменталните можности и ресурси претставуваат предизвик на општината за инкорпорирање на родовата перспектива во локалните политики и програми, како и примената на родово одговорното буџетирање.

Анализата на политиките и програмите на општина Кривогаштани покажа дека иако општина Кривогаштани оптимално ги користи расположливите ресурси, сепак се уште нема задоволително вклучување на родовата перспектива во општинските акти и програми односно локалните политики се креирани без користење на родово разделени податоци и неможе да се идентификува родовата еднаквост во распределбата на буџетските средства (приходи и расходи) помеѓу мажите и жените, иако може да се констатира дека политиките кои се родово неутрални во областа на образование, социјална заштита и други области се насочени да одговорат на реалните потреби на мажите и на жените со посебен фокус на жените.

## Цели и Методологија на истражувањето

Цел на истражувањето и анализата на политиките, програмите и буџетот на општина Кривогаштани е да се детектира степенот до кој е инкорпорирана родовата перспектива во локалните политики и програми, како и примената на родово одговорно буџетирање во областа на образование и социјална заштита.

Анализата се заснова на квантитативно и квалитативно истражување кои се спроведени низ неколку чекори на користење на различни методи и релевантни извори на информации. За секоја истражувачка активност е детектиран можниот извор на информации, начинот за пристап до информациите и постапката за анализа на добиените податоци.

За спроведување на анализата се користени следниве методи:

**Кабинетско истражување**

Кабинетско истражување и анализа на програми и политики на општина Кривогаштани, со посебен акцент на локални политики и програми кои се фокусирани на родова еднаквост и создавање на еднакви можности во областите образование и социјална заштита. Во анализата на документи и програми на општина Кривогаштани беа опфатени обврзувачки општински документи согласно законска регулатива како статут, стратешки документи, програми, планови, буџети, извештаи, вклучително и завршни сметки, законски и подзаконски акти поврзани со работењето на општината, а беше направен преглед на достапни анализи и публикации за општина Кривогаштани поврзани со родови политики и родово одговорно буџетирање. Пристапот до податоци е преку веб-страната на општина Кривогаштани со цел да се утврди транспарентност и обемот на достапни податоци, а останатите релевантни општински документи и информации се добиени преку коминикација и интервјуа со релевантни субјекти од општина Кривогаштани.

За добивање на подетална родово-разделена статистика во текот на анализата беа вклучени секундарни извори на информации како Државен Завод за статистика, Агенција за вработување, ЈУ Меѓуоптшински Центар за социјална работа Прилеп, како и извештаи на меѓународни организации.

- **Квантитативно истражување**

За потребите на анализата беше спроведено теренско истражување со семи-структуриран прашалник, кое истражување опфати 100 испитаници од сите населени места на територијата на општина Кривогаштани. Беа организирани 2 фокус групи на кои учество зедоа 14 жени кои ги споделија нивните ставови за локалните политики и програми, со посебен фокус на образованието и социјалната заштита, но и други предизвици со кои се соочуваат на локално ниво.

Во рамки на проектот се спроведе анализа на процесот на креирање политики и буџет од родова песпектива во општина Кривогаштани со цел да се идентификуваат потребите и можностите за имплементирање на РОБ

Главни цели на анализата се следниве:

- Утврдување на родовата рамноправност во планирањето и реализацијата на активности во склоп на локалните политики како и Програмата за еднакви можности за 2022 година
- Вклученост на Комисијата за еднакви можности при креирање на активностите од локалните развојни програми како и Програмата за еднакви можности
- Утврдувањето на постоењето на родови цели, приориети и активности при
планирање и креирање на програмите со акцент на Развојната програма;
- Утврдувањето на планирањето и собирањето на родово разделени податоци за корисниците на програмите;
- Утврдување на планирањето и имплементирањето на родово одговорни буџети

Во фокусот на анализата е преглед на програмата/мерките од областа образование, социјална заштита, еднаквите можности на мажите и жените, како и развојната програма на општина Кривогаштани за 2022 година и буџетот за реализација на активности во развојната програма на општината, со фокус на планираните активности за инвестиции во објекти, достапност на објекти и опрема, и поддршка на локални активности и иницијативи.

Локалната Акциона Група АГРО ЛИДЕР Кривогаштани спроведе теренско истражување на јавното мислење на репрезентативен примерок од 100 испитаници. Во истражувањето учествуваа 54 жени и 46 мажи. Најголем дел од испитаниците беа на возраст од 30-59 години, но вклучени се испитаници на возраст од 18-29 години (7%), како и испитаници на возраст над 60 години (8%). Во истражувањето беа вклучени и лица со попреченост,односно 9 лица се изјасниле дека имаат попреченост од кои 3 мажи и 6 жени.

Истражувањето е спроведено со цел дефинирање на граѓанските потреби и приоритети во областите кои се во надлежност на општината, како и информирање на граѓаните за учество во процесите на креирање на политики и донесување на одлуки, како и учество во процесот на партиципативно буџетирање.

Во рамките на проектот направена е родова анализа на локалните политики и анализа на спроведувањето на РОБ со посебен фокус на образованието и социјалната заштита како основа за давање на препораки за унапредување на програмите за следната година.

Со анализата е дадена проценка до кој степен прибирањето и алоцирањето на јавни средства во програмата за социјална заштита како и за проектите за образование на општина Кривогаштани придонесуваат за родово одговорни политики, ефикасност и унапредување на родовата еднаквост и зајакнување на жените и маргинализираните групи.



[1] http://lagagrolider.mk/mk/aktivnosti/integriranje -na -rodovata -perspektiva -vo -politikite -i-programite -na -op shtina -krivogashtani

# ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ И РАМКА НА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

## Општи карактеристики на општина Кривогаштани

Општина Кривогаштани се наоѓа во Пелагонискиот Регион опкружена со градовите Прилеп, Битола и Крушево. Општината има површина од 93,57 км2, на која се протегаат 11 населени места и населеното место Кривогаштани каде што е и седиштето на општината.

Согласно пописот од 2021 година, општина Кривогаштани има вкупно 5 167 жители, од кои 2 716 мажи и 2 451 жени. Најголем дел од популацијата односно околу 90% се евидентирани како писмено население, а 10% како неписмено население.

Во општина Кривогаштани, социјалната детска заштита и предучилишното образование се обезбедува преку работата на Детската градинка за згрижување деца во предучилишна возраст “Весело штркче” во населено место Кривогаштани и детската градинка во населено место Обршани, за деца на возраст од две до шест години каде се згрижени 67 деца од кои 28 машки и 39 женски деца.

Образованието е организирано со постоење на две централни училишта: ООУ “Манчу Матак”, Кривогаштани и ООУ “Јонче Смугрески”, Обршани и 7 подрачни училишта во населените места – Славеј, Врбјани, Годивје, Подвис, Крушеани, Бела Црква и Боротино. Бројот на ученици кои се во основно образование на училишна возраст во 2022/2023 година изнесува 467, од кои 252 машки и 215 девојчиња. Поради местоположбата на основните училишта, како и поради потребата од поголема достапност до образование на децата со попреченост, за учениците се обезбедува организиран превоз од и до нивниот дом, а за организирање на превозот на учениците дополнителни финансиски средства одвојува општина Кривогаштани.

Образовна институција за средно образование не постои во општина Кривогаштани.

Од добиените податоци за социјална и детска заштита, на територијата на општина Кривогаштани во декември 2022 година евидентирани се 103 корисници на гарантирана минимална помош, 178 корисници на надоместок за помош и нега од трето лице, и 127 корисници на гарантиран детски додаток. На образовен додаток за ученици во основно и средно образование корисници се 515 лица, 26 лица користат право на посебен додаток, а 56 лица користат родителски додаток за трето и четврто дете.

Согласно последните податоци од релевантните институции од април 2023 година, евидентирани се 99 корисници на гарантирана минимална помош од кои 47 корисници се жени, а 52 мажи, 16 корисници на посебен додаток од кои 11 мажи и 5 жени, додека помош и нега од друго лице користат 188 лица од кои 103 жени и 85 мажи. Право на гарантиран детски додаток користат 62 жени а 23 мажи, а образовен додаток за ученици во основно и средно образование користат 239 жени и 203 мажи. Родителски додаток за трето дете користат 44 жени, зошто согласно законската регулатива правото на родителски додаток го остварува мајка која непосредно се грижи за детето за кое поднела барање, чии деца од претходниот ред на раѓање не се сместени во установа за социјална заштита, згрижувачко семејство или не се дадени на посвојување и на која не и е одземено родителското право над децата од претходниот ред на раѓање. Во случај мајката да не е жива, да го напуштила детето, или од оправдани причини да е спречена непосредно да се грижи за детето, правото наместо мајката може да го оствари таткото или старателот.

На територијата на општината нема активна подрачна канцеларија на центарот за социјална работа, со што информативната и советодавната поддршка, како и пристапот до социјалните услуги се добива преку надлежниот меѓуопштински центар за социјална работа во Прилеп. Во соработка со граѓански организации, воспоставени се мобилни тимови кои посетуваат семејства во социјален ризик давајќи им поддршка за остварување на права од социјална заштита и детска заштита, како и да пристапат до можности за вработување согласно националните мерки и програми.

Од социјалното мапирање со податоци од релевантни институции како Агенцијата за вработување, заклучно со 31.12.2022 евидентирани се 532 невработени лица од кои 256 жени а 272 мажи. Како активни баратели на работа се евидентирани се 181 маж и 172 жени односно вкупно 353 лица, а пасивни баратели на работа се вкупно 179 лица од кои 100 жени и 79 мажи. Најголем дел од невработените лица односно 306 лица се со завршено само основно или средно образование без професионална ориентација. Според старосната структура на едвидентирани невработени лица со поголема застапеност се издвојуваат лицата на возраст од 40-44 години  односно 73 лица, а најмала застапеност се на возраст од 15-19 години односно 3 невработени лица.

Во општината не постојат развиени услуги во домот или во заедницата, а воедно не се достапни ни центри за доедукација или преквалификација.

## Институционална структура низ родов аспект

За интеграција на родовите аспекти во креирањето на локалните политики, важен сегмент е институционалната структура и учеството на жените и мажите во процесите на креирање на политики и донесување на одлуки, како и нивната застапеност на лидерски позиции.

Во ЕЛС општина Кривогаштани вработени се 22 лица односно 18 вработени во општинската админситрација, вклучително и помошно технички лица и 4 лица вработени во противпожарната единица, од кои 12 мажи и 10 жени што укажува на родов баланс, кој исто така е забележан кај раководителите на одделенија односно за раководители на одделенија во општината поставени се двајца мажи и две жени.

Советот на општина Кривогаштани се состои од 11 членови, од кои 5 се жени и 6 мажи, а претседателот на Советот на општина Кривогаштани е маж со што се забележува родов дисбаланс. Во општина Кривогаштани постојат 11 комисии, од кои функционални се 8 каде на позиција претседател се поставени 6 мажи и 2 жени, што дополнително го продлабочува родовиот дисбаланс во општинските позиции.

Во општината се детектирани 34 лидерски позиции кои опфаќаат градоначалник, членови на општински совет, директори на основни училишта и градинки, раководители на сектори и одделенија, координатори на кризен штаб и комисии, претседатели на месни заедници,и др. каде односот на мажи наспрема жени на лидерски позиции е 3 спрема 1 што укажува на родова нерамноправност и стереотипи околу лидерските позиции.




Графикон 1: Родово поделени податоци на лидерските позиции во општина Кривогаштани

Родовата нерамноправност е дополнително нагласена со поставување на 12 мажи претседатели на месни заедници, а ниту една жена.




Графикон 2: Родово поделени податоци на претседатели на месни заедници во општина Кривогаштани

Комисијата за еднакви можности ја сочинуваат 5 лица, од кои три жени и двајца мажи, а координатор на КЕМ е маж, што дава придонес за промовирање на подеднакво учество на мажите и жените за унапредување на родовата рамноправност.

Во поглед на родовата застапеност во вработувањето во секторот образование и социјална заштита во детската градинка “Весело Штркче” вработени се 13 лица и две лица се ангажирани преку програмата општо-корисна работа, од нив 13 се жени и 2 мажи.




Графикон 3: Родово поделени податоци на вработени во претшколско образование во општина Кривогаштани



[1] https://crpm.org.mk/wp-content/uploads/2021/04/%D0%A0%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B0-%D0%B0%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%B8-%D0%B7%D0%B0-2020-2021.pdf

Во образовните институции од вкупно 53 вработени во ООУ “Манчу Матак” Кривогаштани мажи се 17, а 36 се жени а институцијата е раководена од жена, а во ООУ “Јонче Смугрески” Обршани од вкупно 40 вработени, жени се 23, мажи се 17, а образовната институција ја раководи маж.




Графикон 4: Родово поделени податоци на вработени во основно образованиево општина Кривогаштани

Во образованието а пред се во предучилишното образование односно во градинките најголем дел од работните позиции му припаѓаат на жени. Ставовите на луѓето најчесто се дека професиите учител, негувател, психолог и педагог се женски професии. Од една страна ова претставува зацврстување на улогата на жената во грижата, воспитанието и образованието на децата, но од друга страна оваа ситуација претставува родова стереотипизација. Со родовиот јаз во градинките и нагласената феминизираност на професијата негувател, учител, педагог и психолог, уште кај децата во рана возраст се создава перцепција дека жената е негувач, воспитувач и едукатор во семејството, ставајќи ја во заден план еднаквоста помеѓу мажите и жените како подеднакви носители на интелектуални, воспитни и образовани компетенции. Родовата стереотипизација претставува сериозна пречка за постигнување вистинска родова еднаквост и развој на модерно и демократско општество.

Потребно е афирмација на овие професии како професии кои се еднакво достапна и атрактивни за двата пола, проследено со модернизација на образованието и реформи на образовниот систем кој вклучуваат родова еднаквост преку профилирање родово сензитивни кадри, но и родово сензитивни содржини и родово сензитивен јазик во учебниците.

## Политики и програми во општина Кривогаштани

Согласно своите обврски и надлежности, општина Кривогаштани изработува локални политики, стратегии и програми. Во 2022 година подготвени биле неколку програми како Развојна програма на општината, програма за еднакви можности на мажите и жените, програма за култура и др.

Родовата анализа на општинските програми покажува дека при изработката на програмите не се користат родово поделени податоци и програмите се родово неутрални. Во годишниот план за еднакви можности на мажите и жените за 2022 година има показатели за интегрирање на родовата перспектива и родово одговорното буџетирање со предвиден буџет од 50 000 мкд, но освен во оваа програма, во останатите програми поради недостаток на родово разделени податоци не може да се утврди до кој степен програмите се насочени кон унапредување на родовата еднаквост.

Во однос на промоцијата на родовата еднаквост, истражувањето покажа дека на веб-страната на Општина Кривогаштани, објавени се информации за работата на КЕМЖМ и поставен е Годишниот извештај за 2022 година и програмата за еднакви можности за 2023 година, но важно е да се истакне дека недостасува било каква информација поврзана со родово одговорно буџетирање и преземените активности.

Од анализата на општинските документи, може да се истакне дека не постои промена во Статутот на Општината, или пак во деловниците за работа на Советот на Општината и општинските комисии за да се воспостави основа за системско спроведување на обврската за родово одговорно буџетирање, односно општо земено не е воведен посеопфатен формален обврзувачки документ за внесување на родовата перспектива во општинското планирање и буџетирање.

Општина Кривогаштани во согласност со член 15 од Статутот има надлежност за активности во областа на образование, а воедно согласно член 41 од Статутот има постојани комисии од кои дел е Комисијата за еднакви можности.
Општината донесува развојни програми согласно приоритетите на граѓаните и важечката законска регулатива, и цели кон оптимално користење на ресурсите за да се подобри квалитетот на живот на жителите во општина Кривогаштани, но во програмите на општина Кривогаштани не се предвидени родово специфични активности кои се насочени кон стратешките родови потреби. Важно е да се истакне дека сите програмски активности иако се родово неутрални, сепак помалку или повеќе го воведуваат родовиот аспект и се креирани да ги намалат ограничувањата кои ја попречуваат еднаквоста помеѓу мажите и жените и да го намалат “јазот” на родова нееднаквост.

Образованието има клучна улога во постигнувањето родова еднаквост, давајќи значаен придонес за постигнување на пошироки цели за личен развој на учениците, со цел да се постигне инклузивно и еднакво образование за сите, со специфични цели да се елиминираат родовите разлики во образованието и да се обезбеди еднаков пристап за сите ранливи лица. Образованието може да даде значаен придонес во поглед на намалувањето на влијанието на женската стереотипизација која доаѓа и од домот, но и од останатото опкружување, а е особено нагласено во помалите и руралните средини. Па така, се детектира потребата од обуки и едукативни настани насочени кон намалување на распостранетите родови стереотипи и на нив заснованата родова нееднаквост, дискриминација и насилство, да им се овозможи на децата раст и развој во родова рамноправна средина каде се води подеднаква грижа за интересите и на девојчињата и на момчињата. Во Планот за еднакви можности на општината, дел од предвидените активности се едукација и обуки за родова еднаквост во основните училишта.

Во текот на 2022 година, општина Кривогаштани започна со подготовка на Општински план за социјална заштита каде во мапирањето на проблемите и идентификувањето на клучните приоритети внесена е родовата перспектива. Врз основа на социјалното мапирање во кое беа консултирани и вклучени претставници на клучните јавни институции, локални тела и здруженија на граѓани, беше креирана годишна програма за социјална заштита на општина Кривогаштани за 2023 година насочена да даде поддршка на луѓето за надминување на социјалните ризици и да обезбеди подобар живот на маргинализираните групи.

Освен планираните активности за еднократна парична помош, и поддршка на социјално загрозени семејства, општината се насочува и кон развој на социјални услуги. Во таа насока во соработка со општина Прилеп и општина Долнени, општина Кривогаштани започна со воведување на услугата Помош и нега во домот, што ќе даде придонес во намалување на тројното оптоварување на жените во домаќинствата кои освен домашните и работните активности, најчесто ја преземааат и грижата за стари и изнемоштени лица или лица со попреченост, а од друга страна ќе се создадат можности за жените и мажите да се стекнат со вештини преку верификувана обука за негувател и да станат конкурентни на пазарот на трудот. И покрај сензибилизацијата во врска со социјалната заштита, сепак и во овој дел се забележува родова нееднавост и задржување на стеротипите во поглед на професијата на негувател, каде најголем дел од пријавените се жени.

Родовата анализа на општинските програми и мониторингот на родово одговорното буџетирање е првенствено насочена кон областа Образование и кон областа на социјална заштита (со акцент на невработени лица) и детска заштита (со акцент на детските градинки) како и програмата за Еднакви можности, но во мониторингот е опфатена и развојната програма на општина Кривогаштани за 2022-2024 година.

Во програмата за еднакви можности за 2022 година предвидени и реализирани се:

- ✓ Обуки за родова еднаквост во основните училишта
- ✓ Обуки за внесување на родовата перспектива во локалната средина
- ✓ Едукација за родово врсничко насилство во ООУ “Манчу Матак” – Кривогаштани

Во развојната програма на општина Кривогаштани за 2022 година предвидена е доградба и реконструкција на училишна зграда со што се предвидува да се изврши реконструкција и доградба на училишна зграда и изградба на тоалети во зградата и нови училници. Поради недостиг на финансиските средства во руралните општини, не се обезбедува навремена реконструкција на јавните односно образовните институции, иако тоа е неопходно за создавање на подобар образовен систем. Со доградбата и реконструкцијата на училишната зграда и изградбата на тоалети и нови училници ќе се придонесе за модернизирање на училиштето и обезбедување на подобри и достојни услови за учење и за момчињата и за девојчињата.

Во локалните политики и програми во 2022 година предвидени се и обезбедени се финансиски средства за:

- Опремување на сензорна соба и сензорно игралиште во ЈОУ Детска градинка “Весело Штркче” во село Обршани
- Обезбедување на образовна асистенција за деца со попреченост во основно образование
- Вклучување на жители на општина Кривогаштани во Програмата Општинско-корисна работа

Според извештајот на КЕМ од Општина Кривогаштани , во текот на 2022 година во поглед на родовата еднаквост биле преземени следниве активности

| Спроведени 2022 |
| --- |
| Инвестиции во инфраструктура - Асфалтирање на улици и патишта |
| набавка на контејнери, канти за собирање на отпад како и контејнери за селектирање на отпад. |
| Почеток на обнова на руинираното старо училиште во Кривогаштани во библиотека и музеј |
| Изградба на инклузивно игралиште и детски парк во ЈОУДГ "ВЕСЕЛО ШТРКЧЕ" Кривогаштани |
| Опремување на Сензорна соба во ЈОУДГ "ВЕСЕЛО ШТРКЧЕ" Кривогаштани |
| Реконструкција и поставување на урбана опрема во паркот во Кривогаштани. |

Иако општината нема родово разделена статистика на податоци, сепак креирањето на локалните политики и програми се заснова на состојбите и потребите на мажите и жените во одделните области, потенцирајќи чувствителност кон родовите прашања, односно анализирајќи во колкава мера програмата ја подобрува, ја влошува или не ја менува постојната нееднаквост.

Реализираните активности и инвестиции имаат придонес во подобрување на квалитетот на живот на жителите на општината односно и на мажите, и на жените. Инвестициите во инфраструктура односно изградбата, тампонирање и асвалтирањето на улици ја подобрува мобилноста и на мажите и на жените. Воведувањето на систем за собирање на отпад и одржување на комунална хигиена е насочено кон подобрување на општинските услуги во насока на намалување на загадувањето и зачувување на животната средина, од што бенефит би имале и мажите, и жените.
Изградбата на инклузивно игралиште и детски парк, како и опремувањето на сензорна соба во ЈОУДГ "ВЕСЕЛО ШТРКЧЕ" Кривогаштани обезбедува услови за еднаква пристапност на образование на секое дете и носи позитивни придобивки за децата, за родителите, и за целата заедница.
Обезбедување на образовна асистенција за деца со попреченост во основно образование е придонес за почитување на човековите права, инклузивно образование и создавање образование по мерка на секое дете и поддршка за учениците со попреченост, пречки во развојот или образовни потешкотии со што би се овозможило целосно и ефикасно учество и вклученост во општеството. Во најголем дел едукацијата за децата со попреченост ја преземаат мајките односно жените, па обезбедувањето на образовна асистенција носи придобивки и од финансиски и од псхилошки аспект.

Спроведените активности иако се родово-неутрални се насочени кон постигнување на родово еднакви резултати и создавање на еднакви можности за мажите и жените во севкупното општествено живеење.

## Опфат, корисници, чинители

Образованието и социјалната политика се едни од клучните приоритети на општина Кривогаштани насочени кон специфичните потреби на граѓаните, со што опфатот е ставен на сите жители на општина Кривогаштани. Во поглед на остварувањето на социјалните права и образованието од родова перспектива се истакнува родовата еднаквост, а од аспект на ефикасноста повеќето специфични прашања од оваа област повеќе ги таргетираат жените.

Општина Кривогаштани е една од малкуте рурални општини со постоење на установа за згрижување и воспитување на деца во претшколска возраст во 2 населени места.Како корисници на услуги за згрижување и воспитание на деца во детски градинки се деца во претшколска возраст од 2 до 6 годишна возраст. Постоењето на детски градинки носи повеќе бенефити, како згрижување, воспитување и едукација за децата во рано детство; зголемување на вработливоста на семејството најчесто на жените кои ја преземаат обврската за грижа за децата и поради тоа не се активни на пазарот на трудот; создавање на можности за вработување; и поттикнување на вклучување на мажите во економија на грижа со што се придонесува кон намалување на родовите стереотипи.

*Како корисници на социјалната заштита се наведени:*

✓стари и изнемоштени лица кои од било кои причини живеат сами,
✓лица со попреченост,
✓ невработени лица кои тешко наоѓаат работа ( ОКР и јавни работи),
✓ лица и семејства кои се нашле во состојба на материјална загрозеност,
✓тешко болни лица и приматели на терапија кои не се во можност финансиски да ги покријат трошоците за лекување,
✓ поединец или семејство кое се нашло во неповолна положба поради природна непогода (земјотрес, поплава пожар);
✓ лица корисници на минимална социјална помош;

Општина Кривогаштани веќе неколку години е активно вклучена во програмата Општинско корисна работа и јавни работи за невработените лица со што дава придонес за обезбедување на социјална вклученост, ја проширува понудата на општински услуги согласно потребите на населението а воедно ги вклучува жителите односно невработените лица кои не се доволно конкурентни на пазарот на трудот во јавни работи во општината. Во општинско-корисна работа во 2022 год. биле ангажирани 2 негователки и 2 (воспитувачки) воспитачки кои испорачуваа услуги за деца на возраст од 3-6 години, и 5 лица кои испорачуваа услуги за грижа и нега во домот.

Општината секоја година обезбедува финансиска поддршка за лица и семејства кои се соочуваат со финансиска несигурност, лица корисници на гарантирана минимална помош, лица кои се во неповолна положба поради природна непогода, а воедно обезбедува еднократна парична помош за новороденчиња.

За лицата со попреченост кои се во образовен процес, општината согласно своите можности и во соработка со институции и организации обезбедува образовни асистенти. Во 2022 година со поддршка на донатори беше опремена сензорна соба за овозможување на правилна и навремена инклузија на децата со попреченост во образовниот процес, и во заедницата.

Поради непостоење на дневен центар за лица со попреченост или социјални услуги за поддршка на лицата со попреченост, општината како приоритет го има издвоено воведувањето на социјалната услуга лична асистенција.

Врз основа на повеќе истражувања и анализи спроведени од ЛАГ АГРО ЛИДЕР во соработка со општина Кривогаштани и релевантните институции, се констатира следната состојба:

- Најголем дел од старите лица имаат пензија (лична, семејна, земјоделска), која им овозможува услови за подмирување на основните потреби за еден скромен живот,
- Голем дел од старите лица имаат здравствени проблеми со што инструменталните активности во домот како и грижата за себе им претставува предизвик

Приоретизирајќи ги овие предизвици Општина Кривогаштани започна со воспоставување на социјалната услуга Помош и нега во домот, со што овозможува учество на невработени лица од кои поголем број жени во Програмата за општинско-корисна работа, а воедно и во социјална услуга за Помош и нега во домот со поддршка на Министерството за труд и социјална политика. Преку овие услуги се создаваат можности за независно живеење на потенцијалните корисници на услугата, и мажи и жени, а од друга страна се создаваат можности за економски придобивки на жители на општината кои би биле потенцијални даватели на услугата.

Општината се насочува во текот на објавувањето на огласите за потенцијални корисници на услугата како и при ангажирање на потенцијални даватели на услугата да користи родово-сензитивен јазик со цел да ги поттикне и жените и мажите да конкурираат и за позициите каде има помала застапеност на жени или мажи соодветно.

Неследењето на влијанието на локалните политики врз создавањето на еднакви можности за мажите и жените е критична точка во процесот на креирање на политики од родов аспект. Комисијата за еднакви можности поради недостаток на ресурси и алатки не ги мониторира планирањето, спроведувањето и ефектите од локалните политики од родова перспектива.

Согласно Извештајот за напредокот на состојбата за еднакви можности на мажите и жените , се детектира дека Комисијата за еднакви можности не учествува активно во креирање и донесување на развојна програма на единиците на локалната самоуправа, ниту во донесување на буџетот на општината, а воедно не учествува активно во давање на предлози за инкорпорирање на принципот на еднакви можности во работата на органите на единиците на локалната самоуправа.



[1] https://krivogastani.gov.mk/wp -content/uploads/2023/03/%D0%9 3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD -%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98 -%D0%B7%D0%B0-2022-%D0%B3%D0%BE%D0%B4..pdf

Позитивен исчекор во промовирањето на важноста од родовите политики и буџет е отвореноста за соработка на Комисијата за еднакви можности која активно се вклучува во активности за едукација и реализација на проекти во областа на родова еднаквост во соработка со граѓански организации.

Бесплатната правна помош во општина Кривогаштани е достапна преку воспоставена соработка на општината со граѓански организации, на кои општината им обезбедува бесплатно користење на канцелариски простор во општинската зграда. Дополнително, општината е вклучена во иницијативи за промовирање на бесплатната правна помош, со цел да се опфатат ранливите групи како жените со попреченост, самохраните мајки, жените жртви на насилство,и др.

Пристапот до обуки од неформално образование во општина Кривогаштани е овозможен преку соработка со граѓанскиот сектор со фокус на зајакнување на знаења и вештини за дигитализација, добри земјоделски практики, пристап до финансии преку национални и ЕУ фондови и сл.

Во соработка со граѓански организации, воведени се услуги за поддршка до вработување, со што се обезбедува поддршка за долгорочно невработени лица, лица со попреченист, НЕЕТ млади преку индивидуализиран коучинг да пристапат до пазарот на трудот.Вклучувањето на родовата перспектива во локалните програми и воведувањето на Родово одговорно буџетирање е засновано на поддршка од проектот “Низ женски леќи” во кој активно е вклучена општина Кривогаштани.

Вклученоста на локалното население во креирањето на локалните политики во општина Кривогаштани е мало. Истражувањето на терен на ЛАГ АГРО ЛИДЕР покажа дека голем дел од населението односно 82% од испитаниците не се запознати со концептот на родови политики и родово-одговорно буџетирање и мал дел од жителите се информирани за можностите да се вклучат во креирање на локалните политики.




Графикон 5: Запознаеност на населението во општина Кривогаштани за концептот на родови политики

Мнозинството смета дека треба да се организираат форуми каде би се споделиле идеи за проекти и иницијативи во општината соодветно на потребите во населените места, и во општината генерално.

Во областа на образование дадени се препораки за мерки и иницијативи кои би можеле да се опфатат со буџетот на општината, дополнително идентификувани се активности што може индиректно да придонесат кон унапредување на родовата еднаквост на локално ниво со посебен фокус на програмата за образование и социјална заштита.

• Локалното население ја истакнува потребата од воведување на финансиска поддршка за лица кои не завршиле средно образование.
• Овозможување на програми за едукација и развој на вештини кои би им помогнале на жителите а особено жените да го зголемат своето знаење.
• Воведување на поддршка за учење во домот, за им се помогне на децата чии родители најчесто мајките не се во можност да дадат вистинска поддршка во совладување на наставниот материјал.
• Потреба е и целодневна настава во основните училишта во општината, со цел давање можност на родителите што се грижат за овие деца да се активираат на пазарот на труд со полно работно време.
• Финансиска поддршка или поддршка во училишен прибор за ученици/чки од социјално загрозени семејства како и формирање тимови за следење на напредокот во образование на запишани ученици/чки.
• Стипендии за најдобрите ученици во средно образование и во високо образование
• Во делот на инклузивно образование посочена е потребата од образовни асистенти за деца со попреченост, како и обезбедување на услови за инклузивно образование.
• Едукација за родова еднаквост во образовните институции, но и за локалното население
• Развој на социјални услуги за лица со попреченост – лична асистенција или обезбедување услови за вклучување на лица со попреченост од општина Кривогаштани во дневните центри во Прилеп
• Зголемување на финансиската поддршка за лица во социјален ризик

Важно е вклучување на локалното население во процесот на идентификување, на клучните приоритети и нивна анализа од родов аспект за да би се креирале програми кои би дале придонес за обезбедување на еднаков пристап до ресурси за мажите и жените, еднаква контрола врз ресурсите и еднаква корист од ресурсите и за мажите и за жените.

## Родово буџетска анализа на програмите

Вкупната вредност на основниот Буџет на Општина Кривогаштани за 2022 година изнесува 110 308 878 од кои расходи се 85 805 465 денари, од кои за реализација на активности согласно Планот за еднакви можности од 2022 година биле предвидени 50 000 денари . Од предвидените средства за реализација на активности согласно Планот за еднакви можности, нема финансиска реализација а предвидените активности се реализирани во соработка со граѓански организации.

Буџетот за 2023 година е проектиран на 93 905 289, со направени два ребаланси моменталната проекција изнесува 118 364 102 денари. Според буџетот за 2023 година за ставката еднакви можности се планирани 35.000 мкд




Во годишната програма за социјална заштита предвидени се 300 000 денари, од кои 80 000 денари за еднократна парична помош на родител на новороденче, еднократна парична помош на семејства во социјален ризик, еднократна парична помош на физички лица погодени од природни катастрофи, како и поддршка во прехранбени пакети на социјално загрозени семејства. Другиот дел од предвидените финансиски средства е наменет за финансиско учество на општината во воведување и развој на социјални услуги како програмата за општинско-корисна работа, програмата за јавни работи, и воведувањето на социјалната услуга Помош и нега во домот. Со програмата за социјална заштита ќе се обезбеди поддршка за лицата во социјален ризик, и ќе се даде придонес кон подобрување на животот на и жените, и на мажите кои се соочуваат со социјални ризици.

Важно е да се напомене дека и покрај тоа што се планирани средства за компонентата на еднакви можности, општината нема специфични мерки за надминување на родовиот јаз во општината и мерки за унапредување на родовата застапеност.

Јавно достапните информации не обезбедуваат специфични податоци за висината на планираните средства и расходите односно потрошените средства, опфатот и родовата структура на корисниците. Во извештаите за реализираниот буџет не постои родова анализа за ефектот од реализацијата на одредени ставки во поглед на родовата еднаквост.

Општинската администрација во општина Кривогаштани има водечка улога во планирање и реализација на локалните политики и буџет, но планираните мерки и активности се неутрални и не се фокусирани на подетална одделна анализа на потребите на мажите и жените во планирање на програмите, како и на мерење на ефектот што реализацијата на програмите го има на мажите и жените поединечно. Потребно е воспоставување на пракса да координаторот за еднакви можности на жените и мажите активно се вклучува во насока на имплементирање на родовата перспектива во општинските програми и буџет во соработка со општинската администрација и останатите тела.



[1] https://www.krivogastani.com/wp-content/uploads/2022/01/%d0%b3%d0%be%d0%b4%d0%b8%d1%88%d0%bd%d0%b0-%d0%bf%d0%bb%d0%b0%d0%bd-%d0%b7%d0%b0-%d0%b5%d0%b4%d0%bd%d0%b0%d0%ba%d0%b2%d0%b8-%d0%bc%d0%be%d0%b6%d0%bd%d0%be%d1%81%d1%82%d0%b8-2022.pdf

[1] https://krivogastani.gov.mk/wp-content/uploads/2023/03/vpd.pdf

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Општина Кривогаштани недоволно ја користи родовата перспектива при креирање на општинските програми и досега нивото на спроведени родово специфични активности е многу ниско. Специфичните потреби на жените и мажите, односно на локалното население воглавно не се земени во предвид.

Области во кои се предвидени родови цели, приоритети или активности се: родово одговорно буџетирање, едукација на општинска администрација, превенција на родово базирано насилство и здравствени услуги.

Недостатокот на човечки ресурси и недоволната свест за потребата од воспоставување на систем за следење на исполнувањето на обврските кои произлегуваат согласно Законот за еднакви можности на мажите и жените, како што се интегрирање на родовата перспектива во локалните политики, програми и буџет преку спроведување на активности и иницијативи, водат до пренасочување на обврските кон граѓанските организации кои треба да се партнери на општините а не главни носители на унапредување на родовата еднаквост и следење на ефектите од локалните политики за унапредување на можностите на мажите и жените.

Од анализата на програмите и реализираните активности, од аспект на интегрирање на родовата перспектива се идентификува дека:

- Во Општина Кривогаштани отсуствува каков било третман на прашањата поврзани со родовата еднаквост и правата на жените во општинските акти и програми;
- Отсуствува статистика на родово разделени податоци во Општина Кривогаштани и соодветните институции
- Недостаток на инкорпорирање на родово одговорното буџетирање
- Несоодветна распределба на буџетски средства (приходи и расходи) помеѓу мажите и жените;
- Потреба од едукација на темите поврзани со родовата еднаквост за КЕМ, општинската администрација и членовите на комисиите
- Потреба од проширување и зајакнување на соработката со граѓанските организации
- Неинформираност и недоволна едукација кај локалното население за значењето на прашањето на родовата еднаквост за одржлив развој на локалната заедница

## Препораки

- Неопходно е информирање и запознавање на општинските актери за родовата еднаквост на локално ниво, како и покренување на кампањи на локално ниво за користење на родово сензитивен јазик и важноста за имплементирање на родовата еднаквост
- Собирање на родово поделени податоци за корисниците на сите програми и примена на родово поделени податоци и родово-сензитивни индикатори во мониторингот на локалните програми и буџет, како и извештаите на општината за реализирани активности
- Годишен буџет за реализација на активности согласно планот за родова еднаквост кој што ќе забележува континуирано зголемување и проширување на опфатот на активности
- Воведување на родовата перспектива во сите програми преку користење на родова анализа на потребите и родовите јазови што ќе доведе и до креирање на родово одговорен буџет

Вклучување и на жените и на мажите во процесите на креирање на локални политики и програми, идентификувањње на приоритетите и на жените и на мажите со цел креирање на општинска развојна стратегија која ќе одговори на нивните специфични потреби.

- Промотивни активности за будење на свеста за значењето на родовиот аспект во креирањето на локални политики и програми, како и значењето на родово-одговорното буџетирање.
- Воведување на задолжителни обуки за родова еднаквост за чинителите вклучени во изработката на општинските програми и политики за стекнување на знаења и вештини за вклучување и имплементирање на родовото прашање низ сите активности, со цел надминување на постоечките практики и стеротипи.
- Зајакнување на инситуционалната соработка помеѓу секторите во општината за активно вклучување на КЕМ во изработка и имплементирање на сите политики и програми.

## Литература:

Статут на Општина Кривогаштани

Развојна програма на општина Кривогаштани 2022-2024 година

Буџет на општина Кривогаштани – Предлог буџет и усвоен буџет за 2022 и 2023 година

Завршна сметка за 2022 година

Програма за еднакви можности на општина Кривогаштани за 2022 година

Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите – општина Кривогаштани

Закон за локална самоуправа

Интегрирање на родовата перспектива во политиките и програмите на општина Кривогаштани, Авторка Марина Тошеска, Кривогаштани 2022

Методологија за интегрирање на родовата перспектива во локалните политики и буџети Авторка д-р Марија Ристеска, Скопје 2020

Методологија за изработка на мониторинг извештај за РОБ Авторки Марија Ристеска, Љупка Трајановска, Центар за истражување и креирање политики

Родова анализа на лидерските позиции и општинските програми за 2020/2021 година Авторки Љупка Трајановска Наташа Доковска Кјмет Амет Лилјана Јоноски Бети Пеева, Центар за истражување и креирање политики